# НОВА ГОДИНА Е ВРЕМЕ НА ПОДАРОЦИ, ЗАТОА НАШИОТ ПРИОРИТЕТ СЕ ДЕЦАТА ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Децата од социјално загрозените семејства од Валандово добија новогодишни пакетчиња, од компанијата Сардич МЦ. Претставниците на Црвениот Крст од Валандово се заблагодарија на ваквата поддршка и истакнаа дека Сардич МЦ е прва компанија, која за Нова Година се сети на децата од социјално загрозените семејства.



"Голема благодарност до компанијата Сардич МЦ, која изрази желба на децата од социјално загрозените семејства да им додели новогодишни пакетчиња.

Морам да кажам дека за прв пат една фирма, за Нова Година се одлучи да додели новогодишни подароци на социјално загрозените семејства од општина Валандово.



Од наше име и од име на дечињата им благодариме на Сардич МЦ, за укажаната доверба.

Се надевам дека и во иднина ќе продолжи соработката помеѓу Црвениот Крст и Сардич МЦ" изјави Александар Димов, општинска организација на Црвен Крст - Валандово.



Новогодишните празници се време на радост и подароци. Токму затоа, овој период во годината го искористивме за дарување, но не застануваме овде.

Како општествено одговорна компанија, секојдневно работиме и придонесуваме за подобар живот за сите.

# ПОДОБРО ОПШТЕСТВО ЗА СИТЕ СО НАШИОТ ПЛАН ЗА ИНТЕГРИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Вработување на луѓе од социјално загрозени семејства, обезбедување на нивна доквалификација што подразбира курсеви, обуки и пракси кои ќе ги обезбеди Сардич МЦ.

Ова е нашиот следен чекор, се со цел создавање подобро општество за сите.

Компанијата веќе има разработен план за интегрирање на овие лица од овој регион.

Како општествено одговорна компанија Сардич МЦ веќе подолг период функционира и работи на територија на општината Валандово со подружницата во село Пирава.

Така ќе продолжиме и во иднина.





